Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва и членовите 28 и 31 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп (во понатамошниот текст само “Друштвото”), Одборот на Директори на

**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп**
**до акционерите на Друштвото објавува:**

**ЈАВЕН ПОВИК**
**За учество на редовно Годишно Собрание на Друштвото**

**Годишното Собрание** на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, **ќе се одржи на ден 12 јуни 2015 година (петок), со почеток во 12:00 часот**, во седиштето на Друштвото на ул. Крушевски пат бб во Прилеп, со следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

**А. Процедурален дел:**

1. Избор на претседавач со Собранието;
2. Верификација на список на пријавените акционери и констатирање на кворумот за работа;
3. Усвојување на записникот од претходната седница од Собранието на Друштвото;
4. Усвојување на дневниот ред.

**Б. Работен дел:**

5. Финансиски извештаи и извештај на независните ревизори за 2014 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на извештаите;
6. Годишна сметка на Друштвото за периодот 01 јануари до 31 декември 2014 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка;
7. Извештај за работа на Одборот на Директори на Друштвото во 2014 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на извештајот;
8. Годишен извештај за работењето на Службата за Внатрешна Ревизија во 2014 година; со
   - Предлог-Одлука за усвојување на Годишниот извештај;
9. Предлог-Одлука за распределување на добивката за 2014 година;
10. Предлог-Одлука за именување друштво за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2015 година;
11. Предлог- Одлука за избор на член на Одборот на Директори.

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.**

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието (**пријава за учество на Собранието**) најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се достават до Друштвото – Правна служба.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно, за што е должен да го извести Друштвото по писмен пат или електронски. Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото http://www.mermeren.com .

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна до 29 мај (петок) 2015 година, до 16:00 часот. Подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото http://www.mermeren.com .

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во правната служба на Друштвото и на интернет страницата на Друштвото http://www.mermeren.com **.**

**Одбор на Директори**